Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-98/11**

**Дата:25.09.2018**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Свети Николе, сметка на основен буџет (630), за 2017 година.

За финансиските извештаи за 2017 година на сметката на основниот буџет (630) на Општина Свети Николе изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2007 година и издаден е Конечен извештај за сметката на основен буџет (630) на Општина Свети Николе, во кој е изразено неповолно мислење за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Бидејќи е поминат долг временски период од извршената предходна ревизија и настанати се измени на законската регулатива со која е регулирано работењето на субјектот, дадените препораки од тој аспект се неприменливи поради што не беа предмет на ревизијата за 2017 година.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Свети Николе, сметка на основен буџет (630), за 2017 година ги констатиравме следниве состојби:

- не е донесен ребаланс на Буџетот за 2017 година и покрај тоа што постои значително отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи, при што приходите се остварени со 51%, а расходите со 49 % во однос на планираните;
- во 2017 година општината нема остварено приходи од надоместокот за јавна чистота, кои ги наплатува Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ Свети Николе и согласно закон треба да ги уплати на сметката на општината;

- извршено е ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект фабрика за производство и преработка на печурки, под услов објектот по фази да биде завршен заклучно со 2017 година и да се вработат вкупно 800 луѓе. Но иако не се исполнети договорените услови, од страна на надлежните од општината, до денот на ревизијата не е покрената постапка за плаќање на надоместокот, кое е регулирано со договорот и
- не се врши редовна наплата на побарувањата за надоместок за уредување на градежно земјиште чие плаќање е регулирано со договор на рати, а надлежните од општината не ги активираат инструментите за обезбедување на плаќањата, согласно договорите.

Во останати прашања, ревизијата ги истакнува системските слабости во законската регулатива, односно поради недореченост во одредени закони, општините немаат увид во целосноста и точноста во остварувањето на одредени приходи и тоа за:

- комуналната такса за користење на патишта со моторни возила, не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините, општините во Град Скопје и градот Скопје;
- комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ и
- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

На ден 03.09.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Свети Николе бр. 0303-125/4-2 од 22.08.2018 година, од одговорното лице г-дин Сашо Велковски, градоначалник на Општина Свети Николе и забелешки без број, од поранешниот градоначалник на Општина Свети Николе г-дин Зоран Тасев за период до 14.10.2017 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-98/10 од 03.09.2018 година. Забелешките се разгледани и истите не се прифаќаат, со исклучок на забелешката на точката 4.2.2. алинеја 1 која делумно се прифаќа.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 17 и 18 и ревизија на усогласеност на Општина Свети Николе, сметка на основен буџет (630), за 2017 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2007 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Свети Николе, сметка на основен буџет (630) во кој е изразено негативно мислење за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Зоран Тасев, градоначалник на Општина Свети Николе, од 24.03.2013 година до 14.10.2017 година;
- м-р Сашо Велковски, градоначалник на Општина Свети Николе, од 15.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03. до 15.06.2018 година, кај Општина Свети Николе, од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2007 година на Општина Свети Николе не е извршена. Бидејќи е поминат долг временски период од извршената предходна ревизија и настанати се измени на законската регулатива со која е регулирано работењето на субјектот дадените препораки од тој аспект се неприменливи поради што не беа предмет на ревизијата за 2017 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 31.05.2018 година.
На ден 03.09.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Свети Николе бр. 0303-125/4-2 од 22.08.2018 година, од одговорното лице Сашо Велковски, градоначалник на Општина Свети Николе и забелешки без број, од поранешниот градоначалник на Општина Свети Николе за период до 14.10.2017 година Зоран Тасев, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-98/10 од 03.09.2018 година. Забелешките кои се однесуваат на точките 4.2.1., 4.2.2. алинеја 2„ 4.3.2. , 4.3.3. и 7.1. претставуваат известување за преземени мерки или мерки кои ќе се преземат во иднина за надминување на состојбите. Забелешките на точката 4.2.2. алинеја 1 делумно се прифаќаат поради доставени документи кои за време на ревизијата не ни беа презентирани.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

**Констатирани се следните состојби:**

## 4.1. Внатрешни контроли

**Процес на даноци на имот**

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на даноците на имот (данок на имот, на промет и наследство и подарок) со ревизијата се констатира дека и покрај воспоставените внатрешни контроли, постојат ризици кои имаат влијание на точноста и целосноста на приходите, поради следното:

- општината нема вработено раководител на Одделението за администрирање со даноци и комунални такси, кој помеѓу другото, треба да врши работи кои се однесуваат на утврдување на даноците по даночни обврзници, да се грижи за нивна наплата и за преземање на мерки за присилна наплата за неплатените даноци во утврдените рокови. Вработеното лице на работно место соработник за утврдување на комунални такси, врши и администрирање со даноци, како и работи на раководител на одделението, за што има добиено подовластување од раководителот на Секторот за нормативно-правни работи, поддршка на градоначалникот, даноци, образование, локален економски развој и социјална политика. Вака воспоставениот начин на работење не обезбедува сегрегација на надлежностите во Одделението за администрирање со даноци и комунални такси;
- извештаите за извршена проценка на недвижен имот врз основа на кои се пресметува данокот на имот, не се потпишани од сопствениците на недвижниот имот;
- нема потпис за извршена контрола на пресметаниот данок на имот и данок на промет на недвижности, но податоците за имотот и неговата проценета вредност се совпаѓаат со податоците во Извештајот од проценувачите;
- не е извршено авторизирање на облогателната листа за 2017 година (Облогателната листа за 2018 година е печатена и потпишана од лицето кое ја изработило и одобрило и од градоначалникот);

Утврдените состојби и ризици во процесот на утврдување и наплата на даночните приходи имаат влијае на целосната и точноста на приходите по основ на даноци на имот.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности во функција на разграничување на надлежностите и функционирање на контролите во Одделението за администрирање со даноци и комунални такси, во процесот на утврдување и наплата на даноците на имот.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Свети Николе со буџетот за 2017 година има планирано приходи и расходи во износ од 176.210 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 89.297 илјади денари и расходи во износ од 86.393 илјади денари, што укажува на фактот дека има отстапување на остварените од планираните буџетски приходи и расходи. Приходите се остварени со процент од 51%, а расходите со 49%.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот. За 2017 година, и покрај тоа што приходите и расходите не се остварувале во планираниот обем, од страна на градоначалникот до советот на општината не е предложен ребаланс на буџетот, туку во текот на годината со пооделни одлуки на советот е вршена прераспределба на буџетираните средства по пооделни позиции и ставки. На крајот на годината остварените приходи/расходи значително отстапуваат од планираните што придонесува за нарушување на принципот на добро менаџерско управување.
Кај приходите најзначително е отстапувањето кај данокот на промет на недвижности остварен со 32,42%, надоместок за уредување на градежно земјиште остварен со 15,28% и приходите од продажба на земјиште и нематеријални вложувања кои се остварени со 26,42%. Кај расходите најзначително е отстапувањето кај расходите за стоки и услуги кои се остварени со 56,55% и капиталните расходи кои се остварени со 30,26%.
Нереалното планирање на приходите и расходите има влијание врз реализацијата на предвидените годишни програмски активности за 2017 година на Општина Свети Николе.

**Препораки:**

- Одделението за буџетска координација планирањето на буџетските приходи и расходи при изготвувањето на буџетот да го темели на реалните состојби и можности на Општина Свети Николе и податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување и
- Во случај на позначително отстапување на остварените со планираните буџетски приходи и расходи, градоначалникот да предложи на советот на општината измени и дополнување на буџетот.

**4.2.2.** Од извршениот увид во актите и документацијата врз основа на кои Општина Свети Николе остварува приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, а согласно Одлуката на Владата на РМ број 41-1325/1 од 13.03.2012 година со која Општина Свети Николе треба да ги врши работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република

Македонија кое се наоѓа на нејзиното подрачје, ревизијата го утврди следното:

- Советот на Општина Свети Николе донел Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општина Свети Николе за 2017 година на 30.08.2017 година, што не е во согласност со член 99 од Законот за градежно земјиште каде е прецизирано дека Програмата треба да биде едногодишна односно да се однесува за период од една година, што значи дека Програмата за тековната година се носи во предходната година. Во Општина Свети Николе Програмата е донесена по донесеното Решение за распишување на локалните избори од 06.08.2017 година.
- Во месец ноември 2017 година по конституирањето на советот на 03.11.2017 година градоначалникот на Општина Свети Николе склучил договори со три физички лица за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба, со вкупна површина од 919 $м^2$, со што општината има остварено приходи во вкупен износ од 340 илјади денари. По поднесени барања од месец јули и месец декември 2016 година, постапките за отуѓување на градежното земјиште не се спроведени во електронска форма преку информацискиот систем, што не е во согласност со член 46 став 12 и со член 75 став 2 од Законот за градежно земјиште[1], со кои е уредено дека постапките за отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп, давање на право на трајно користење, пренесување на право на сопственост, засновање на право на стварна служеност и склучување на договори за отуѓување и договори за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија се спроведуваат во електронска форма, преку информациски систем, а договорот кој е склучен врз основа на спроведена постапка спротивно на одредбите од овој закон е ништовен.

  Вака спроведените постапки не се евидентирани во Регистарот на отуѓено и дадено под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кој го води Општина Свети Николе.

Ненавремено донесената Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Свети Николе за 2017 година и извршеното отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба за кои постапките не се спроведени во електронска форма преку информацискиот систем, има за ефект нетранспарентно и незаконско работење, немање увид во отуѓеното градежно земјиште сопственост на Република Македонија и претставува основ за покренување на постапка за одземање на вршењето на работите на Општина Свети Николе за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија.

Во периодот на забелешки по нацрт извештај, Градоначалникот во координација со надлежните служби донел решенија со кои се поништуваат решенијата опишани во алинеја 2 од овој наод.

[1] Сл.весник на РМ бр.15/15; 98/15; 193/15; 226/15; 31/16; 142/16 и 190/16

**Препорака:**
Советот на Општина Свети Николе да носи годишна Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општина Свети Николе.

4.2.3. При утврдување и наплата на приходите по основ на даноци на имот ревизијата го констатираше следното:

- не е извршено ревреднување на пазарната вредност на целиот недвижен имот на територијата на Општина Свети Николе согласно Методологијата за проценка на вредноста на недвижен имот. Ревреднување на пазарната вредност на недвижен имот е направено во периодот 2008 - 2009 година, но само во некои реони, а не и на целата територија на општината, поради што за дел од вредноста на имотот се користат податоците добиени од УЈП во 2006 година. Во периодот 2014 - 2015 година направена е репроценка на сите деловни објекти на територијата на Општина Свети Николе.
- не е направена проценка на објектите кои имаат извршено утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (легализација), поради невоспоставена соработка помеѓу Одделението за администрирање со даноци и комунални такси и Секторот за урбанизам, со цел задолжување со данок на имот на обврзниците кои извршиле легализација на градежни објекти.

Ненаправеното ревреднување на пазарната вредност на имотот на сите даночни обврзници на територијата на Општина Свети Николе како и ненаправената проценка на објектите за кои е извршено утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (легализација) со цел задолжување со данок на имот, имаат влијание на целосноста, точноста и висината на приходите остварени по основ на данок на имот и ги ставаат даночните обврзници во нерамноправна положба.

**Препораки:**
Градоначалникот да преземе активности за:

- ревреднување на пазарната вредност на целиот недвижен имот во Општина Свети Николе согласно Методологијата за проценка на вредноста на недвижен имот и
- преземање податоци од Секторот за урбанизам и комунални дејности, на обврзници кои имаат легализирано објекти и стекнато право на сопственост, со цел да се направат проценки на вредноста на тој имот и истите да се регистрираат како обврзници на данок на имот.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.3.1. Општина Свети Николе во 2017 година нема остварено приходи од надоместокот за јавна чистота, кои согласно членот 25 од Законот за јавна чистота ги наплатува Јавното претпријатие за комунални работи „Комуналец“ Свети Николе од физичките лица/граѓани и правните лица и треба да ги уплати на сметката на општината. Во врска со одржувањето на јавната чистота ЈКП „Комуналец“ има донесено Програма за одржување на хигиената на јавно прометните површини и речното корито на река “Поток“ со која се планирани средства од 1.577 илјади денари и Програма за одржување на јавни зелени површини за 2017 година со која се планирани средства од 3.292 илјади денари или вкупно 4.869 илјади денари. Програмите се усвоени од советот на општината и во врска со истите помеѓу градоначалникот на општината и директорот на јавното претпријатие, во делот на реализацијата на програмите, се склучени договори за регулирање на меѓусебните обврски, цените на услугите, начинот на обезбедување докази за обемот на извршените работи. Исто така од страна на надлежните од ЈКП „Комуналец“ Свети Николе донесена е и одлука за утврдување на цената за одржување на јавната чистота со која е утврдено физичките лица/граѓани да плаќаат по 70,00 денари, а правните лица по 200,00 денари по сметка/фактура месечно, за која е дадена согласност од советот на Општина Свети Николе. Средствата наплатени од надоместокот за одржување на јавната чистота се наменски за плаќање на фактурите кои јавното претпријатие ги доставува на општината за одржување на хигиената на јавно прометните површини и речното корито на реката и на јавните зелени површини.
Заклучно со 31.12.2017 година, јавното претпријатие по основ надоместок за јавна чистота, од физички и правни лица, има наплатено средства во износ од 5.466 илјади денари кои требало да ги уплати на сметката на општината согласно со член 24 од Законот за јавна чистота. Овие средства не се уплатени на сметката на Општината што придонело за остварување на помалку приходи по овој основ.

**Препорака:**
Надлежните од општината редовно да ја следат наплатата на надоместокот за јавна чистота и да бараат од ЈКП „Комуналец“ Свети Николе да врши редовна уплата на наплатените средства од овој надоместок, како би можело средствата кои се собрани и се наменски, да се искористат во целост преку плаќање на услугите кои јавното претпријатие ги врши за сметка на општината.

4.3.2. Во месец октомври 2013 година советот на Општина Свети Николе има донесено Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект фабрика за производство и преработка на печурки. Помеѓу другото со одлуката е утврдено дека инвеститорот и

градоначалникот ќе склучат договор во кој ќе се регулираат правата и обврските на договорните страни, посебно во делот на роковите за изградба на објектите и техничкото опремување по фази сразмерно на што ќе се утврди и точен број на вработувања. Во истиот месец склучен е договорот со кој е договорено инвеститорот да изгради фабрика за производство и преработка на печурки чија вредност ќе изнесува 5.000.000 евра и ќе обезбеди 200 нови вработувања на полно работно време за што целосно се ослободува од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Со договорот инвеститорот се обврзува изградбата на објектите и техничката опременост на истите да ја изврши во 4 фази зклучно со 2017 година при што:

- првата фаза треба да започне веднаш по добивање на одобрението за градење при што треба да бидат изградени 6.100м$^2$ во времетраење од 8 месеци. Во рамки на првата фаза да бидат вработени 40 луѓе;
- втората фаза да започне на средината на 2015 година и согласно динамиката да бидат вработени 150 луѓе;
- третата фаза да започне на средината на 2016 година и со завршување на оваа фаза да бидат вработени 250 луѓе;
- финалната четврта фаза да започне на средината на 2017 година со целосна изградба на фабриката за производство и преработка на печурки на површина од 72.000м$^2$ при што ќе бидат вработени уште дополнителни 400 луѓе на полно работно време, или вкупниот број на вработени лица ќе изнесува 800.

Доколку инвеститорот не ги исполни претходно наведените обврски од договорот должен е да го плати во целост надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина што ќе биде утврдена согласно важечките позитивни прописи кои ќе важат во моментот на проценката.

Според фактичката состојба на терен, објектот до денот на ревизијата сеуште е во фаза на градба, која далеку заостанува зад утврдената динамика со договорот. Од страна на општината во месец февруари 2016 година е испратено известување до инвеститорот со што е упатена забелешка за неисполнување на обврските од договорот и ургенција од месец март 2016 година со која се бара во рок од 5 (пет) дена инвеститорот да даде писмен одговор со објаснување за таквата состојба, а во спротивно би следело укинување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште и раскинување на договорот. Но иако тоа не е исполнето, од страна на надлежните од општината, после дадениот рок со ургенцијата од месец март 2016 година, а ниту до денот на ревизијата не е покрената постапка за укинување на одлуката, раскинување на договорот и плаќање на надоместокот, што впрочем е регулирано со договорот.

Неисполнувањето на договорот согласно утврдената динамика има влијание на висината на приходите на општината и на вкупната економска состојба во општината.

Во периодот на забелешки по нацрт извештај, преземени се мерки за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште со поднесување на тужба.

4.3.3. Согласно Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2017 година на инвеститорите, под одредени услови, дадена е можност за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште да се врши на рати најмногу до 12 (дванаесет) за што се склучува договор и се врши обезбедување на плаќањето на рати. Од извршениот увид на дел од предметите од кои произлегува плаќање на надоместокот на рати со ревизијата се утврди дека не се врши редовна наплата на побарувањата за надоместокот за уредување на градежно земјиште чие плаќање е регулирано со договор на рати што не е во согласност со одредбите за плаќање од договорите, а надлежните од општината не ги активираат инструментите за обезбедување на плаќањата, согласно договорите. Износот на доспеани, а ненаплатени побарувања изнесува 824 илјади денари, што има за ефект помалку остварени приходи по овој основ и неможност за реализација на дел од планираните активности за капитални инвестиции за уредување на градежно земјиште за кои наменски се употребуваат овие средства.

**Препорака:**
Надлежните од општината да преземат мерки за наплата на побарувањата на надоместок за уредување на градежно земјиште, кои се договорени за плаќање на рати.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основа за изразување мислење, во точката 4.2. и 4.3. од овој извештај, се однесува на слабости при планирањето и реализирањето на буџетот на општината, неизвршено ревреднување на вредноста на имотот кај сите даночни обврзници по основ на данок на имот, несоодветно постапување при отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ, не пренесување на средствата од јавното претпријатијатие по основ на надоместок за јавна чистота и непреземање на мерки за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште кој се плаќа на рати.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Свети Николе на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Свети Николе за 2017 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание дека Општина Свети Николе е тужена странка од 12 (дванаесет) субјекти и тоа: 3 (три) правни лице за износ од 6.919 илјади денари и 9 (девет) физички лица од кој за 7 (седум) лици за износ од 938 илјади денари и од 2 (две) лица без определен износ.
Општина Свети Николе се јавува како тужител на 1 (еден) субјект правно лице за износ од 1.043 илјади денари.

## 7. Останати прашања

7.1. Со увид во предметите избрани со примерок за издавање на одобрение за градба и утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште ревизијата утврди:
Во 2015 година за изградба на колективна стамбена зграда П+4+Пк и деловен простор Општина Свети Николе има издадено одобрение за градење при што врз основа на пресметка на надомест за уредување на градежно земјиште број 216/2015 од 15.09.2015 година има наплатено износ од 3.449 илјади денари. Во текот на 2017 година извршена е измена на основниот проект за изгрдба на овој објект при што е изготвен проект за измени во тек на градба со кој е предвидено значително зголемување на просторот "Визба и помошни простории", во најгорниот дел од зградата, над поткровјето, кој од 86,65 $м^2$ е зголемен на 202,83$м^2$ или плус 116,18$м^2$. Со Проект за измени во тек на градба, направена е измена на квадратурата и во стамбената површина на целата зграда за 91$м^2$, на балкони – тераси за 318$м^2$, скаличен простор за 28$м^2$ и поткровје за 22$м^2$. Во врска со овој проект од страна на надлежните на општината изготвени се две пресметки на надомест за уредување на градежно земјиште и тоа:

- Пресметка на надомест за уредување на градежно земјиште број 109/2015 од 12.05.2017 година на износ од 616 илјади денари во која поединечно се утврдени површините кои треба да се доизградат и претставуваат разлика помеѓу површините од основниот проект и површините утврдени со изменетиот проект. Оваа пресметка не е ефектуирана, односно по истата не е извршена наплата и
- пресметка за надомест за уредување на градежно земјиште под истиот број како и претходната, на износ од 3.854 илјади денари кој износ е намален за

износот од 3.449 илјади денари, износ според основниот проект од 2015 година и како разлика е добиен износ за плаќање од 404 илјади денари, кој од страна на инвеститорот е платен. Со оваа пресметка во која се наведени вкупните површини кои треба да се изградат (содржани во основниот проект и површините од изменетиот проект), а не разликите на кои треба да се пресмета надоместокот за уредување на градежното земјиште како во претходната пресметка, во делот кој се однесува на гаражи извршено е префрлање на истите од деловни објекти во делот на стамбени објекти, бидејќи цената по која се пресметуваат комуналиите за стамбени објекти е помала, пресметката на комуналии е помалку утврдена за износ од 38 илјади денари.

Општината има издадено одобрение за градење и по проектот за измени во тек на градба, иако не е познат интересот од зголемување на површината на тој дел од објектот, односно зголемување на просторот "Визба и помошни простории", во најгорниот дел од зградата, над поткровјето, кој од 86,65 $м^2$ е зголемен на 202,83$м^2$ или плус 116,18$м^2$, како и на делот на балкони – тераси кој е зголемен за 318 $м^2$.
Според кажувања од надлежните лица од општината, надлежната инспекција од Министерството за транспорт и врски по овој случај има поведено постапка при што е наложено уривање на делот на допонително изградената површина над поткровјето.

**Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата**

7.2. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општините, општините во градот Скопје и за градот Скопје. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините и градот, да известуваат за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.
Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

7.3. По основ на комунална такса за улично осветлување, Општина Свети Николе, како и останатите единици на локалната самоуправа во Република Македонија од страна на ЕВН Македонија АД Скопје не добиваат податоци за:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса.

Во постојниот Закон за комунални такси не е пропишана обврска на доставување на наведените податоци. За надминување на оваа состојба од страна на ЕВН Македонија и ЗЕЛС е склучен Меморандум за соработка.

И покрај склучениот Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, од страна на ЕВН не се почитуваат договорените обврски од член 6 од Меморандумот за доставување на горенаведените податоци и извештаи.

Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварени приходи по овој основ, кои градот и општините ги евидентираат во сметководството единствено како прилив без конкретни податоци за реалноста на истиот. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно законодавецот да изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

**Регистар на недвижен имот и Регистар на подвижен имот**

7.4. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Македонија со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во градот и општините во РМ, даночните обврзници се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на

Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина (КО) и катастарска парцела (КП).

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатабилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Македонија).

Општина Свети Николе - Сметка на основен Буџет (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 33.989 | 36.640 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 3.002 | 3.295 |
| Капитални приходи | 3.3. | 15.925 | 35.790 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 36.381 | 30.468 |
| **Вкупно приходи** | | **89.297** | **106.193** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 24.696 | 24.920 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 451 | 597 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 29.965 | 33.694 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 86 | 12 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 6.442 | 9.125 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 1.424 | 1.571 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **63.064** | **69.919** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **23.329** | **30.760** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **86.393** | **100.679** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **2.904** | **5.514** |

Општина Свети Николе - Сметка на основен Буџет (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2017 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2.904 | 5.514 |
| Побарувања | 4.1.2. | 31.623 | 33.839 |
| разграничувања | 4.1.3. | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни средства** | | **34.528** | **39.354** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **34.528** | **39.354** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.1. | 1 | 1 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 34.527 | 39.353 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **34.528** | **39.354** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **34.528** | **39.354** |

Градоначалник на Општина Свети Николе

тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911

e-mail: info@svetinikole.gov.mk

www.svetinikole.gov.mk

Бр. 0303-125/4-2
27.08.2018 год.

03.09.2018
12-98/10

**До: Државен завод за ревизија**

**ПРЕДМЕТ :ПРИГОВОР НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

Согласно член 31, став 1 од Законот за Државна ревизија ( СЛ.Бесник на република Македонија бр.66/2010 .145/2010,12/2014, 43/2014, 154/2015,192/2015 и 27/2016 година) доставен ни е Нацрт Извештај на Овластен Државен Ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, за следниве сметки

- Сметка на основен буџет ( 630)
- Сметка на основен буџет ( 637)
- Сметка на приходи на буџет на дотации (930)
- Сметка на расходи на буџет на дотации ( 937)

Со овој Приговор сакаме да му укажеме на Државниот завод за ревизија и притоа аргиментирано да го потврдиме дека одредени забелешки кои се наведени во самиот извештај , за работењето на Општината се корегирани од страна на самата Општина, а кои беа предмет на нацрт извештајот.

**Сметка Основен буџет( 630)**

**4.2 Усогласеност со закони и прописи**

4.2.2 Во месец ноември 2017 година по конституирањето на советот на 3.11.2017 година Градоначалникот на Општина СВ.Николе склучил Договор со три физички лица за отугување на градежно земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба, со вкупна површина од 919м2, со што оптшината има остварено приходи во вкупен износ од 340 илјади денари.Согласно вашите укажувања договорите се ништовни бидејки постапката за отугување на градежното земјиште не е спроведена во електронска форма преку информацискиот систем, што не е во согласност со член 46 став 12 и со член 75 став 2 од Законот за Градежно земјиште, со кои е уредено дека постапката за отуѓување,давање под долготраен и караткорочен закуп, давање на право на трајно користење , пренесување на право на сопственост, засновање на право на стварна службеност и склучување на договор за отугување и договори под долготраен закуп на Градежно земјиште на Република Македонија се спроведува во електронска форма, преку инфомацискиот систем .

Вака спроведените постапки не се еведентирани во регистарот на Отугено и дадено под долготраен и краткорочен закуп на градежно земјиште сопственост на РМ , кој го води Општина Свети Николе .

Согласно горенаведениот наод Општина Св.Николе пристапи кон поништување на решенијата .Градоначалникот во кординација со надлежните служби , во рамките на своите овластувања , донесе решенија со кои се поништуваат решенијата со кои се уважуваат барањата за отугување на градежно земјиште во сопственост на РМ. Со непосредна спогодба поднесени од три физички лица.Со поништувањето на решенијата поништени се правните последици кои произлегуваат од истите. Склучените Договори за отуѓување на градежно земјиште не се солемизирани кај нотар , и истите не произведуваат правни дејствија , што заначи не е извршен упис на правото на сопственост на физичките лица во јавните книги на агенцијата за катастар.

**Доказ**- Решенија за Огласувања на Решенијата за Ништовни УП бр.24-118/16 , УП бр.24-596/2016 ,УП бр.24-594/16

Согласно препораките од точките 4.2.2 Општина Св.Николе на седница на совет одржана на ден 30.08.2017 година донесе програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на Општина СВ.Николе за 2017 гоиина .

**Доказ** -Програмата е донесена под број 0801-336

Во врска со препораката од точка 4.3.3 Општината веќе превзема мерки за наплата на побарувањата по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште , за сите случаи каде има склучено договор за плаќање на рати , а динамиката на плаќање не е почитувана. Доставени се опомени во сите такви должници, при што дел го платија неисплатениот преостаната износ, а дел заостанатите рати.

4.3.2 Во месец октомври 2013 година Советот на Општина СВ.Николе има донесено одлука за ослободување од Плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект фабрика за производство и преработка на печурки.Со договорот инвеститорот се обврзува изградба на објектите и техничката опременост на истите да ја заврши во четири фази заклучно со 2017 година.

Доколку инвеститорот не ги исполни предходно наведените обврските од договорот должен е да го плати во целост надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина што ќе биде утврдена согласно важечките прописи кои ќе важата во моментот на проценката.

Според фактичката состојба на терен, објектот до денот на ревизијата сеуште е во фаза на градба , која далеку заостанува зад динамиката утврдена во самиот договор.

Од Општината беа преземани преку својот полномошник законски обврски за намирување на побарувањата , со поднесување на тужба за исполкнување на договорните обврски од страна на ИД- Балкан

Доказ – Тужба –Прием на Тужба во Основен суд Штип на 24.08.2018 година. Со тужбеното барање се бара тужениот да плати износ од 1.134.201 денари , на име надомест за уредување на градежно земјиште , а врз основа на пресметка за надомест за уредување на градежно земјиште бр.18/18 од 10.07.2018 година

**Сметка Основен Буџет ( 637)**

**4.1 Усогласеност со закони и прописи**

**1.1 Во текот на 2017** година евидентирани се расходи за репрезентација во вредност вкупен од 1.074 илјади денари за извршена угостителска услуга.Наголем дел од фактурите се покриени со соодветна документација , но дел од фактурите во вкупен износ од 87 илјади денари не се поткрепуваат со спецификации за направени расходи или не назначена нивна намена . Поради напред наведеното ревизијата не се увери во оправданоста на направените расходи.
Општината нема донесено правилник за правото, начинот и постапката за користење на на средствата за репрезентација . По доставениот нацрт извештај и констатираниот наод Општината пристапи кон изготвување на Правилникот со што ќе се изврши корекција во овој сегмент од работењето.

1.2 За трошоци за гориво и масло во 2017 година евидентиран е износ од 709 илјади денари. Од страна на Градоначалникот има дадено овластување на лице вработено во Општината како возач за располагање со возилата сопственост на Општината , и точење на Горива на истите, кое се врши со верна картичка , но за користењето на службените возила нема донесено интерен акт со кој ќе биде регулиран начинот на користење на возилата и контрола на користење на истите. Општината пристапи кон изготвување на ваков правилник по доставувањето на Нацрт Извештај

4.1.1 Во 2017 година за активности во областа на спортот, културата и за подршка на невладиниот сектор исплатени се средства во вкупен износ од 2089 илјада денариОпштина СВ.Николе има донесено програми за 2017 година за активности во областа на спортот, културата и за подршка на невладиниот сектор, а согласно тоа од буџетот на Општината доделени се средства согласно програмите и добиени се наративн и и финансиски извештаи. Вашиот наод се состои од тоа дека Општината без утврдени критериуми доделува средства за финансирање на одредени активности. Согласно горенаведенот наод Општината ќе преземе мерки за имплементирање на истиот согласно новиот буџет за 2019 година.

4.1.2 Согласно програмата за јавни работи во 2017 година градоначалникот склучил договор со 37 невработени лица , кои се ангазирани за вршење на јавни работи( одржување и обновување на јавна инфраструктура и одржување и заштита на животна средина . Вашиот наод укажува на немање на акт, со кој ке се определат критериумите, за секоја од трите целни групи и недостиг на комисија за извршување на изборот. Општина СВ.Николе формира комисија во изминатиот период, при што ќе се зголеми транспаретноста при самиот избор.

Доказ Решение за формирање на комисија

4.2.7 Советот на Општина СВ.Николе на 22.09.2017 година донесе одлука за Давање на Субвенција на ЈКП„Комуналец„ СВ.Николе во износ од 2000 денари. Како финансиска подршка во учество на изградба и реконструкција на Улици во Град СВ.николе и други инфраструктурални пртоекти во Градот.Вашиот наод се состои од тоа дека за реконструкција на водоводната мрежа за 2017 година Општина СВ.Николе нема склучено Договор со јавното претпријатие поради што истото нема регистрирано дејност и нема добиено лиценца за вршење на градежни работи, што не е во согласност со член 43 и 44 од Законот за јавни претпријатија.Општината пристапи

кон склучување на Договор во изминатиот период со самото јавно претпријатие.

Доказ Договор Помеѓу ЈКП и Општина СВ.Николе

**4.2 Финансиски извештаи**

4.2.1 Во врска со извршениот попис на средства и обврски на Општина СВ.Николе ревизјата утврди нецелосен извршен попис поради тоа што во пописните листи се наведени само количините без да бидат утврдени количините и вредностите , според податоците од сметководството и несоодветна примена член 31-а од Правилникот за Сметководство за буџети и буџетски корисници , неизвршување на попис на краткорочните побарувања и побарувања од вработените, како и несоодветна примена на член 29 од паравилникот за сметководтство за буџетите и буџетските корисници.Општина СВ.Николе пристапи кон извршување на дел од оваа препорака , а останатиот дел ќе го имплементира со пописот за 2018 година.

4.2 .2 Состојбата на сметката Материјални средства во подготовка не искажана во реален износ бидејки на истата освен евидентирање на вложувањата во овие средства се врши и намалување на набавната вредност што не е во согласност со одредбите на член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.На тој начин салдото искажано на оваа сметка е помала за износот на платените обврски. Таков е случајот со Градската капела , изградбата и уредувањето на зелените површини, за одмор и рекреација во рурални средини, санација на колектор за отпадни води , реконструкција на улици.По овие наоди Општина СВ.Николе има постапено веднаш по добивање на нацрт извештајот.

4.2.4 За локалните улици и патишта кои се надлежност на општината не е извршено разграничување на горниот слој ( асфалт и слично) , односно не е еведентирано посебна набавна вредност на истиот , поради што се пресметува амортизција на целата вредност , а не само на горниот слој што не е во согласност со член 24 став 1 точка 5 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските средства и годишните стапки за отпис на долгорочните средства. Општината ќе пристапи кон реализација на оваа препорака кога ќе врши амортизација на основните средства крајот на 2018 година.

## ПРЕОСТАНАТИ ПРАШАЊА

Прашања кој не се составен дел на Нацрт Извештајот , а за кој Општината мисли дека треба да биде составен дел на самата Ревизија поради , значењето кој го има самата и поради материјалноста која ја содржи во себе.

1.1

Добиена е фактура бр 062/2016 година од Геометар – Про-инг СВ.Николе за изработка на геодетски елаборати за Ажурирани Геодетски подлоги- урбанистички подлоги во вредност од 457,812.00 денари согласно барање бр.1002-68 од 04. 05.2016 година и Согласно договорот за јавна набавка бр.1402-416/8-1 од 12.08.2015 година . Во преглед на расположивата Документација се утврди дека оваа Барање и Овој Договор излегува од рамките на Склучениот Договот, и самата фактура нема официјален прием од општинската администрација , нема потпис од овластено лице, од Секторот за Урбанизам , комунални дејности,заштита на животна средина .

1.2 Добиена е ситуација под терминот зголемен обем на работи Бр.0301-129/2016-1 од 22.12.2016 од СТОИМЕНОВ ВРЗ ОСНОВА на Договор за Реконструкција на ул.Ангел Трајчев во СВ.Николе склучен на 12.08.2015 година .Ситуацијата за зголемен обем на работа е предвидена во основниот договор но , истата освен потпис на

Градоначалникот, нема штембил од истиот ( градоначлник) не е архивски заведена во Општината и истата ја нема во Општината , што е спротивно на сметководствените политики и начела.

1.3 Тужителот Друштвото за производство , промет и Услуги МАКИНВЕСТ експорт – импорт ДОО Скопје поднесе предлог за донесување на решение , со кое дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа против тужениот ОПШТИНА СВ.НИКОЛЕ СВ.Николе , за долг во изноос од 100.000,00 денари со камата.
Временскиот карактер на самиот предмет датира од 6.04,2011 година , а самата Општина има финасиски импликации во фискалната 2018 година .
1.4 За изградба на градска капела се направени вложувања во вкупен износ 5.306 илјада денари, кој средства се вложени во неколку фискални години.Во комуникација со изведувачот како и во увид во неговата финасиска документација , тие имаат книжено фактура во вредност од 1.122,748 денари, под изговор за дополнители и непредвидени работи. Доплнителните работи не се предвидени , ниту со основниот договор, ниту со Анекс на Договор со кој ќе бидат утврдени за кој дополнителни работи се работи.

Се надеваме дека овие наши сугести ќе влијаат при формирањето на конечниот извештај , бидејќи Општината генерално има полза од констатираните наоди , кој флијаат врз нејзиното работење.

27.08.2018
Година

Градоначалник на Општина
Св.Николе
М-р Сашко Велковски

29.08.2018

12-98/9

До
Државен завод за ревизија
Палата „Емануел Чучков“
ул. „Јордан Мијалков“
1000 Скопје

Од
Поранешен Градоначалник на Општина Свети Николе за период до 14.10.2017 година
Зоран Тасев
Ул.Вељко Влаховиќ 30/7
Свети Николе

**Предмет:**
1.Забелешки по Нацрт-ивештај за извршената ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Свети Николе сметка на основен буџет (630) 01 2018 07 9/1 од јули 2018 година, бр. 12-98/3 од 31.07.2018 на ревизорскиот тим од Државениот завод за ревизија и
2. Забелешки по Нацрт-ивештај за извршената ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Свети Николе сметка на основен буџет (637) 01 2018 07 09/2 од јули 2018 година, бр. 12-98/4 од 31.07.2018 на ревизорскиот тим од Државениот завод за ревизија.

**Почитувани,**

Согласно член 30 став 2 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015, 27/2016 и 83/2018) во законски определениот рок :

1. Во врска со Нацрт-ивештај за извршената ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Свети Николе сметка на основен буџет (630) 01 2018 07 9/1 од јули 2018 година, бр. 12-98/3 од 31.07.2018 на ревизорскиот тим од Државениот завод за ревизија ги давам следните забелешки:

**Точка 4.2 од Нацрт-ивештајот во делот на остварени приходи и расходи:**
Имено, во конретниот случај не се остварени планираните приходи од причина што Општина Свети Николе немаше правна можност да врши отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште и објекти сопственост на општината како еден од главните приходи, а воедно и да врши уредување односно да се издаваат пресметки за наплата на комуналии од причина што во периодот од 01.01.2017 година до 05.06.2017 постоеше техничка влада и забрана за располагање со наведените недвижности согласно Изборниот законик, а доплнитено истата забрана започна за важи и од 06.08.2017 па се до завршувањето на локалните избори. Воедно и постоеше и правна празнина во врска мандатот на Советите на општините.

**Точка 4.2.2. од Нацрт-извештајот во делот донесување на Програма за работа и располагање со градежно земјиште во државна сопственост за 2017 година:** Имено, во конкретниот случај наведената констација во Нацрт извештајот ви е презентирана неточно, од причина што Советот на Општина Свети Николе на ден 30.08.2017 има донесено Програма за работа и располагање со градежно земјиште во државна сопственост и истата е заведена со број 0801-336 и е објавена со Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Точка 4.3.2. од Нацрт-извештајот, во делот на изградба на фабрика за печурки:**

Имено во конкретниот случај согласно член 68 од Законот за градење, инвеститорот е должен градбите од прва и втора категорија да ги изградат во рок не подолг од десет години. Воедно, за раскинување потребно е да биде истечен наведениот законски рок.

**Точка 7.1. од Нацрт-извештајот во делот на изградба, изградба на колективна стамбена зграда:**
Имено во конкретниот случај, постапката за измени во текот на градба е извршена согласно член 69 од Законот за градење, надоместоците се целосно платени од страна на инвеститорот, а согласно пресметка извршена од овластени стручни лица во Општината, постапка во целост е завршена и на 19.05.2018 на инвеститорот му е издадена употребна дозвола и е извршен упис на објектот во кастатарот на недвижности.
Дополнителнително во делот на инспекциски надзор на дел од наведениот објект согласно член 128 став 2 од Законот за градење, овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора категорија од членот 57 на Законот за градење.

**2**.Во врска со Нацрт-извештај за извршената ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Свети Николе сметка на основен буџет (637) 01 2018 07 09/2 од јули 2018 година, бр. 12-98/4 од 31.07.2018 на ревизорскиот тим од Државениот завод за ревизија ги давам следните забелешки:

**Точка 4.1.3 од Нацрт-извештајот во делот на улично осветлување**
Во конкретниот случај постои уредна документација за пријавени дефекти во кои се наведени улиците во кои се извршени интервенциите и видот на интервенциите, при што инервенциите се вршени по усна или писмена пријава од граѓани или правни лица од територијата на општината и месните заедници и за прием на истите беше задолжено одговорното лице на месни заедници Александар Стојанов, а проверката за извешатојот од интервенцијата за вршеше лицето Александар Донев.
Во прилог Ви доставувам фотокопии од пријави и извештаи , прибавени од правното лице лице извршител на работите уредно заведени во евиденцијата на општината.

**Точка 4.2.7. од Нацрт-извештајот во делот на Одлука за давање на субвенции на ЈКП Комуналец**
Согласно, Одлука на Совет на Општина Свети Николе 1000000 денари се доделни како субвенции на ЈКП комуналец за реконструкција на водоводна мрежа. Во

нацрт-извештајот не се земени во предвид одредбите од Законот за комунални дејности као специјален закон и тоа: согласно член 5 став 1 алинеја 1 од Законот за комунални дејности, комунални дејности, во смисла на овој закон, се изградба на водоснабдителен систем, обработка и снабдување со вода за пиење, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

Согласно член 4 став 1 алинеја 4 од Законот за комунални дејности "давател на комунална услуга" е јавно претпријатие основано од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и Владата на Република Македонија или правно и физичко лице кое поседува дозвола за вршење на комунална дејност.

Согласно член 15 став 3 од Законот за комунални дејности, во објекти на комуналната инфраструктура што служат за задоволување на заедничката комунална потрошувачка спаѓаат:

- објекти за зафаќање, преработка, дистрибуција на водата до мерниот инструмент на корисникот.

Наведената комунална услуга за територијата на Општина Свети Николе ја врши ЈКП Коминалец и за истата има дозвола за работа согласно закон и им претставува една од основните дејности и за извршените работи има соодветна уредна документација.

**Точка 4.2.2 од Нацрт-извештајот во врска со управувањето на градската капела**

Имено, во конкретниот случај Советот на Општина Свети Николе со Одлука бр.0801-254 од 12.05.2017 година градската капела ја даде на управување на ЈП „Погребални услуги„- Свети Николе, при што не ја пренесе сопственоста туку само правото на управување, од каде произлегува дека на увид не била доставена целокупната документација за градската капела.

**Со почит,**

Зоран Тасев

Прилог: фотокопии од пријави и извештаи за извршени интервенции прибавени од правното лице извршител на работите уредно заведени во евиденцијата на општината.

# Одговор
# на забелешки на
# Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 03.09.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Свети Николе бр. 0303-125/4-2 од 22.08.2018 година, од одговорното лице г-дин Сашо Велковски, градоначалник на Општина Свети Николе и забелешки без број, од поранешниот градоначалник на Општина Свети Николе г-дин Зоран Тасев за период до 14.10.2017 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-98/10 од 03.09.2018 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Забелешки од Сашо Велковски, градоначалник на Општина Свети Николе**

**Сметка на основен буџет (630)**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2., алинеја 1** која се однесува на недонесена Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на Општина Свети Николе за 2017 година, **се прифаќа делумно,** од причина што во прилог на забелешките е доставена именуваната Програма која е донесена на 30.08.2017 година од Советот на Општина Свети Николе заведена под број 0801-336, која за време на ревизијата не ни беше презентирана. Бидејќи согласно одредбите од Законот за градежно земјиште за управување со градежното земјиште е потребно да се има едногодишна програма истата од страна на советот на општината е донесена со закаснување од осум месеци по донесување на Решението за распишување на локалните избори од 06.08.2017 година. Оваа состојба соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај, а препораката ќе биде прилагодена на утврдените состојби.
   Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2., алинеја 2** која се однесува на склучени договори со три физички лица за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба, без да биде спроведена постапка за отуѓување во елекронска форма преку информацискиот систем, **претставува известување** за преземените активности од страна на Општината, со кои од страна на градоначалникот, во координација со надлежните служби, се донесени решенија со кои се поништуваат решенијата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба. Склучените договори за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба не

се солемизирани кај нотар и истите не произведуваат правни дејствија. Преземените активности од страна на Општината соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а дадените препораки прилагодени на состојбите.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.2.**, која се однесува на неисполнување на одредбите од договорот за изградба на фабрика за производство и преработка на печурки, **претставува известување** дека од страна на општината, преку полномошник се преземени мерки за намирување на побарувањата со поднесување на тужба во Основниот суд Штип на 24.08.2018 година, за исполнување на договорените обврски од страна на инвеститорот, односно плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 1.134 илјади денари. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а препораката прилагодена на констатираните состојби.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3.**, која се однесува на тоа дека не се врши редовна наплата на побарувањата за надоместокот за уредување на градежно земјиште чие плаќање е регулирано со договор на рати што не е во согласност со одредбите за плаќање од договорите, а надлежните од општината не ги активираат инструментите за обезбедување на плаќањата, согласно договорите, **претставува известување** дека се доставени опомени до овие должници, при што дел од истите извршиле плаќање на преостанатиот износ, а дел плаќање на заостанатите рати. За преземените мерки не ни се доставени докази во прилог на забелешките.

**Сметка на основен буџет (637)**

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.**, која се однесува на тоа дека изборот на субјектите и висината на средствата кои им се доделени од општинскиот буџет за реализација на активностите од областа на спортот, културата и за поддршка на невладиниот сектор, не е извршен врз основа на утврдени критериуми, поради тоа што Општина Свети Николе нема донесено акт за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот, од областа на културата, како и за поддршка на невладиниот сектор, **претставува известување** дека општината ќе преземе мерки за имплементирање на препораките согласно Буџетот за 2019 година.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.2.**, која се однесува на на тоа дека ангажирањето на лица за вршење јавни работи (одржување и обновување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната

средина), во партнерство со ЈКП Комуналец, се врши без утврдени критериуми за избор и без донесен акт со кој треба да се утврдат критериуми за секоја од целните групи (долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица и невработени лица над 55 години) и не е формирана комисија за извршување на изборот, **претставува известување** дека општината формирала комисија при што ќе се зголеми транспарентноста при самиот избор.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.7. која во Нацрт извештајот треба да е под број 4.1.3., а по грешка е наведена како 4.2.7. по која и градоначалникот дава забелешка**, која се однесува на тоа дека општината во 2017 година има донесено Одлука за давање на субвенции на ЈКП „Комуналец“, Свети Николе во износ од 2.000 илјади денари како финансиска поддршка за учество во изградба и реконструкција на улици во град Свети Николе, како и други инфраструктурни објекти во градот, но нема склучено договор со ЈКП „Комуналец“, Свети Николе за претходно наведените работи, поради тоа што јавното претпријатие нема регистрирано дејност и нема добиено лиценца за вршење на градежни работи, **претставува известување** за тоа дека општината пристапила кон склучување на договор со јавното претпријатие. Во прилог на забелешките е доставен договор за одржување на уличното јавно осветлување.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.**, која се однесува на нецелосното извршување на пописот поради тоа што во пописните листи се наведени само количини утврдени со пописот без да бидат наведени и количините и вредноста според податоците од сметководството и евентуалните разлики кусок или вишок, неизвршување на попис на краткорочните побарувања и побарувања од вработените како и не извршување на попис на материјалните средства во подготовка, **претставува известување** дека општината пристапила кон извршување на дел од препораките по овој наод, а останатиот дел ќе го имплементира со пописот за 2018 година.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.,** која се однесува на тоа дека состојбата на сметката Материјални средства во подготовка не е искажана во реален износ бидејќи на истата освен евидентирање на вложувањата во овие средства се врши и намалување на набавната вредност кога се вршат плаќања на обврските спрема изведувачите, со што салдото искажано на оваа сметка е помало за износот на платените обврски, **претставува известување** дека општината по добивањето на нацрт извештајот има постапено по препораката дадена во врска со утврдената состојба за кое не ни се доставени во прилог на забелешките докази.

9. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.4.,** која се однесува на тоа дека за локалните улици и патишта кои се надлежност на општината не е извршено разграничување на горниот слој (асфалт и слично), односно не е евидентирана посебно набавната вредност на истиот, поради што се пресметува амортизација на целокупната вредност, а не само на горниот слој, **претставува известување** дека општината ќе пристапи кон реализација на препораката по овој наод кога ќе врши амортизација на основните средства за 2018 година.

На страна 4 од забелешките на Нацрт извештајот под насловот 4.1. Усогласеност со закони и прописи наведени се и точките 1.1 и 1.2 кои се однесуваат на состојби од работењето за 2017 година и истите се искажани во Писмо до раководството. За состојбите/наодите наведени во овој документ, не се даваат забелешки и истите се со цел да се укаже на градоначалникот да преземе мерки за отстранување на помалку материјални неправилности.

На страна 7 и 8 од забелешките на Нацрт извештајот под наслов Преостанати прашања наведени се и точките 1.1, 1.2, 1.3 и 1.4 кои се однесуваат на сознанија кои ги има градоначалникот по пооделни документи (фактури, ситуации, судски предмети) кои потекнуваат од претходни години и немаат импликации на финансиките извештаи за 2017 година, а не биле предмет на ревизија поради што неможат да бидат составен дел на Нацрт извештајот.

**Забелешки од Зоран Тасев, поранешен градоначалник на Општина Свети Николе за период до 14.10.2017 година**

**Сметка на основен буџет (630)**

10. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.,** која се однесува на тоа дека за 2017 година, и покрај тоа што приходите и расходите не се остварувале во планираниот обем, од страна на градоначалникот до советот на општината не е предложен ребаланс на буџетот, туку во текот на годината со пооделни одлуки на советот е вршена прераспределба на буџетираните средства по пооделни позиции и ставки, **претставува известување** за причините кои придонеле за утврдената состојба, кои ги наведува поранешниот градоначалник, а се однесуваат дека во одделни периоди на годината функционирала техничка влада, општината немала правна можност да врши отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште и објекти сопственост на општината , да врши уредување, односно да се издаваат пресметки за наплата на комуналии и слично, поради што и не биле остварени планираните приходи.

11. За забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2. алинеја 1,** која се

однесува на донесување на Програма за работа и располагање со градежно земјиште во сопственост на РМ за 2017 година, **делумно се прифаќа** и за истата се однесуваат изнесените констатции од точка 1 од одговорот на забелешките.

12. За забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.2.,** која се однесува на неисполнување на одредбите од договорот за изградба на фабрика за производство и преработка на печурки, **не се прифаќа** и за истата се однесуваат изнесените констатции во точката **2** од Одговорот на забелешките.

13. Забелешката на констатираната состојба во **точката 7.1.,** која се однесува на изградба на колективна стамбена зграда и деловен простор, **не се прифаќа,** поради тоа што со забелешките не се доставени дополнителни документи кои би имале влијание на промена на ревизорските констатации. Наведените состојби од страна на поранешниот градоначалник ревизијата ги имаше во предвид при утврдување на состојбите во Нацрт извештајот.

**Сметка на основен буџет (637)**

14. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.3.,** која се однесува на трошоци направени за одржување на уличното осветлување во општината, **не се прифаќа**, поради тоа што во прилог на забелешката од страна на поранешниот градоначалник се доставени докумети заведени во општината со податоци за пријава за дефекти на уличното осветлување, најчесто од граѓани со наведени податоци за дефектот, местото каде се појавил дефектот и потпис од пријавувачот. Овие документи како што е наведено во забелешките се добиени од субјектот кој го одржува уличното јавно осветлување, а не од Општината. На самиот документ има извештај за извршена интервенција. Во прилог не се доставени документи односно налог за извршување на работата од страна на општината кој ќе биде потврден од лице кое го следи извршувањето на интервенцијата поради што ревизијата не се увери во реалноста на направените трошоци.

15. За забелешката на констатираната состојба во точката 4.2.7., која се однесува на доделени субвенции на ЈКП „Комуналец", Свети Николе за реконструкција на водоводна мрежа, **не се прифаќа** и за истата се однесуваат изнесените констатции во точката 6 од Одговорот на забелешките.

16. За забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2.,** која се однесува дека состојбата на сметката Материјални средства во подготовка не е искажана во реален износ, **не се прифаќа** и за истата се однесуваат изнесените констатции во точката 8 од Одговорот на забелешките.